*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2642/2**

# З А П И С Н И К

**Од 85-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 09.05.2019 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Ивана Трајковска. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик на Директорот на МРТ,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство во МРТ,Перо Попов-ТВ Продукција и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ. |

Седницата започна во 11:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред и беше договорено поради обемноста на точките истиот да биде преполовен на два дела во две посебни седници.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложеното и продолжи да работи по следниот дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 84-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Правилник за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ.

4. Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста.

5. Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги за преснимување на аудио и аудиовизуелни материјали.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 84-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 84-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 84-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 84-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Правилник за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Сузана Николовска раководител на одделение за сметководство во МРТ која детално го објасни Правилникот за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ ставка по ставка.Сузана пред присутните објасни зошто и од кои причини се изготвува ваквиот правилник, и дека за изготвување на истиот е земена основа од предходнито правилник,како и тоа дека претставува апдејтирање на сите предходни пракси кои се применуваат во секојдневното работење како и ставање на хартија на сите стандарди кои се применуваа.Правилникот е работен согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и дека е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и дадено е мислење од Надзорниот одбор дека правилникот е добра и прифатлив.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ.
■**Правилникот за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Правилник за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Сузана Николовска раководител на одделение за сметководство во МРТ која детално го објасни Правилникот за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ и прецизираше дека истиот е во тесна врска со предходниот Правилник за постапување по финансиска документација на ЈРП МРТ и дека и овој е содржан во Ревизорскиот извештај на Државната ревизија, и како предхониот е во согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски дополни дека бидејќи не е од финансиска природа овој правилник не го разгледал Надзорниот одбор на МРТ.
Снежана Клинчарова истакна пред присутните дека ваквиот Правилник се прменува во последно време и во многу други институции низ државата, и добро што е изготвен и за потребите на МРТ,истиот треба да биде изгласан од страна на советот за да може понатака службите во МРТ да го користат при нивната работа.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ.

■**Правилникот за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за начинот за давање на овластување во ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста.**
Воведно излагање по оваа точка даде Перо Попов од Секторот ТВ продукција кој детално го објасни Правилникот за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста и дека за изготвување на истиот е земена основа од старите правилници на куќата како и правилниците на националните ТВ куќи во регионот,како и тоа дека претставува апдејтирање на сите предходни кои ги користела МРТ во минатото.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста .

■**Правилникот за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ и начинот на достапност до јавноста е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги за преснимуавње на аудио и аудиовизуелни материјали.**
Воведно излагање по оваа точка даде Перо Попов од Секторот ТВ продукција кој детално го објасни Ценовникот за технички услуги за преснимуавње на аудио и аудиовизуелни материјали пред присутните членови и беше објаснето дека истиот е во состав на предходниот Правилник кој беше изгласан од советот.
Анита Латифи праша дали добиваа барања за преснимување на аудио и аудиовизуелни материјали.Перо Попов одговори дека имаа но многу ретко односно по две до три барања годишно.
Претседателката на советот праша на што се однесува членот 8, односно кои се делата со посебен статус.Перо Попов обасни дека има многу материјали кои од извесни причини се заштитени односно се класифицирани,како на пример беа наведени моменти од државнички посети каде што протоколот забранил да бидат обајвени пред јавноста, и таквите се водат како дела со посебен статус, и за истите мора да има предходно добиено одобрение за да бидат дадени на преснимување.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Ценовникот за технички услуги за преснимување на аудио и аудиовизуелни материјали на ЈРП МРТ.

■**Ценовникот за технички услуги за преснимување на аудио и аудиовизуелни материјали на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за технички услуги за преснимување на аудио и аудиовизуелни материјали на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред членот на советот Снежана Клинчарова предложи Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да обезбеди Информација по однос на извршениот ТВ пренос од посетата на поглаварот на Римокатоличката црква-Папата Францис на државава.
**-**Заклучокот беше едногласно усвоен.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател